**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**
**ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË**
**BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË**

08-967/4

09.11. 23

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија” бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.178/21), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 64 седница одржана на 12.10.2023 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за акредитација на студиската програма „Сообраќајно - транспортно инженерство“, од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Технички факултет Битола при Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола**

1. Се акредитира студиската програма „Сообраќајно - транспортно инженерство“, од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Технички факултет Битола при Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2023/2024 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Доктор на науки, од областа сообраќајот и транспортот /во меѓународен промет академски назив: Doctor of Science in Transport and Traffic Engineering.
Научно - истражувачко подрачје: 2 Техничко - технолошки науки; Научно – истражувачко поле: 220 Сообраќај и транспорт, Научно - истражувачко област: Средства за јавен превоз (22000), Управување и контрола на сообраќајот (22001), Комбиниран (интегрален) сообраќај (22002), Технологија на транспортните процеси (22003), Транспортна логистика (22004), Планирање на сообраќајот (22005), Безбедност во сообраќај (22006), Транспортна економика (22011), Сообраќајно инженерство и проектирање (22012), Одржливи урбани транспортни системи (22014/1), Сообраќајно проектирање на патна инфраструктура (22014/2), Транспорт и животна средина (22014/3), Урбанизам и сообраќај (22014/4), Операциони истражувања (21110), Моторни возила (21411), Физика на кондензиран материја (10309), Математика (10900).

4. Акредитирани ментори за докторски студии на студиската програма се: проф. д-р Никола Крстаноски, проф. д-р Марија Маленковска Тодорова, проф. д-р Иво Дукоски, проф. д-р Васка Атанасова, проф. д-р Верица Данчевска, проф. д-р Иле Цветановски, проф. д-р Златко Соврески, проф. д-р Зоран Јошевски.

5. Менторот на докторски студии од точка 1 на ова решение може истовремено да биде ментор на најмногу три докторанти кои кај него ќе се обучуваат за научна работа и за изработка на докторски труд.

6. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По предходно донесената Одлука бр. 02-532/1 од 09.06.2023 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Сообраќајно - транспортно инженерство“, трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Технички факултет Битола при Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр.08-710/2 од 19.06.2023 година (наш бр. 08 - 967/1 од 23.06.2023 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, на 62-та седницата одржана на 13.09.2023 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.08 - 967/3 од 27.10.2023 година, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и

Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 64-та седница одржана на 12.10.2023 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Татјана Стојаноска Иванова